НИКОЛА В. ДИМИТРОВ
ЃОРЃИ ДИМИТРОВСКИ

# ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ЦАПАРИ И ЦАПАРСКО

'44 – '94

**НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**
**ЃОРЃИ ДИМИТРОВСКИ**

# ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ЦАПАРИ И ЦАПАРСКО

*Трудот е посветен на сите просветни работници кои со својата ма-котрпна воспитно-образовна и хумана дејност се вградија во темелите на македонската просвета.*

АВТОРИТЕ

**NIKOLA V. DIMITROV**
**\OR\I DIMITROVSKI**

# FIFTY YEARS OF EDUCATION IN MACEDONIAN LANGUAGE IN THE VILLAGE OF CAPARI AND ITS REGION

**Society of science and art - Bitola**
**Central primary school "Trajan Belev" - Capari**
**Bitola, 1995**

**НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**
**ЃОРЃИ ДИМИТРОВСКИ**

# ПЕДЕСЕТ ГОДИНИ НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ВО ЦАПАРИ И ЦАПАРСКО

**Друштво за наука и уметност - Битола**
**Централно основно училиште „Трајан Белев“ - Цапари**
**Битола, 1995**

**ДРУШТВО ЗА НАУКА И УМЕТНОСТ - БИТОЛА**

ЕДИЦИЈА: ОДДЕЛНИ НАУЧНИ ТРУДОВИ X[VIII

Редакциски одбор:

*Ѓорѓи Димовски - Цолев*
*Максим Стојановски*
*Трајко Огненовски*
*Ѓорѓи Лумбуровски*

Рецензенти:

*Д-р Павле Митрески*
*Д-р Душко Ристевски*
*Ѓорѓи Танковски*

**ISBN 9989-628-10-6**

Изданието се печати со одлука на Управниот одбор на Друштвото за наука и уметност - Битола и со финансиско учество на Министерството за наука на Р. Македонија, Министератвото за образование и физичка култура на Р. Македо-нија и други спонзори. Авторите ја иска’уваат својата благодарност.

## ПРЕДГОВОР

Изминаа 50 години откако во с. Цапари и околните села слободно се разгласи во училиш-тата македонскиот мајчин јазик. Години исполнети со многу тешкотии за да се оспособат и из-градат училишни згради, да се обезбеди пот-ребниот инвентар, наставните помагала, уче-ничкиот прибор и што ли уште не.

Учителскиот кадар, веднаш по војната, беше без оформено образование, несоодветно или недовршено средно образование.

Годините минуваа, генерации врвеа, училиштата стануваа ‘аришта на воспитание, образование, култура, другарувања и пријател-ства. Од година во година се подобруваше материјалната поло’ба на училиштата, а учи-телите и наставниците стануваа со оформено вишо и високо образование. Сето тоа прет-ставуваше чекор напред, со завет за подобро утре.

Одот кон прогресот беше оптоварен и со одлив на населението од сите населби што забеле’ително, од година во година, го нама-луваше ученичкото тело. Месното население и наставниците се загри’ени за процесот што и денес не престанува. Процес кој мо’е да го ис-празни просторот, сите изминати години да ги стави во заборав и тивко да ја уништи наставата на мајчин јазик. Меѓутоа, долгогодиш-ното постоење на наставата на македонски ја-зик мо’е и мора да биде судбина која не треба да прекине.

Годините поминати во овој простор и проблемите низ кои поминуваше наставата, нѐ обврза кон сите наши колеги кои работеле и кои сега работат да им се оддол’име на еден достоен начин, со тоа што еден мал дел од нивниот труд и дело да биде овековечен во оваа книга.

Трудов не претендира на сеопфатност, зашто има уште многу работи што мо’ат и тре-ба да се ка’ат. Сепак, низ овој краток монограф-ски приказ за наставата на македонски јазик во Цапари и Цапарско ќе се обидеме да откриеме само некои моменти и ќе ги откинеме од забо-равот.

АВТОРИТЕ

# ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА НА ПРВИТЕ НАРОДНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО УЧЕБНАТА 1944-1945 ГОДИНА

## МРЕЖА НА УЧИЛИШТА И БРОЈ НА УЧЕНИЦИ

Вековната борба на македонскиот народ за слободно и јавно да се слу'и со својот мај-чин јазик се круниса во Народноослободителната и антифашистичка борба.

По успешното завршување на војната за првпат во нашата историја беа преземени мер-ки и создадени услови да се отпочне со редовна настава на мајчин македонски јазик. Низ целата територија на Република Македонија никнуваа првите народни училишта.[1] Така, веднаш по ослободувањето на Битола 4-ти ноември 1944 година беа преземени мерки за отварање училишта на македонски, турски и албански јазик, таму каде што за тоа постоеја услови.

Со цел навреме да започне редовната настава, Градскиот и Околискиот НОО (Народноослободителен одбор) на Битола и Битолско назначија над 160 учители, кои веднаш при-суствуваа на двонеделен курс, заради основно запознавање со учителскиот позив.[2]

Во сите 67 народни основни училишта редовната настава започна на 4-ти декември 1944 година со пригодна свеченост која, покрај 7.687 ученици, присуствуваа и голем број родители и граѓани.[3] Меѓу наведениот број на училишта, единаесет беа во просторот на Цапари и Цапар-ско,[4] и тоа во селата: Цапари, Ротино, Горно Српци, Рамна, Лера, Свињишта, Метимир, Го-пеш, Доленци, Ѓавато и Маловишта.[5] Во наве-дените 11 училишта беа опфатени вкупно 1.153 ученици.

Напоредно со отворањето на народни основни училишта на македонски јазик, започна ре-

1 Народните основни училишта - под тоа име се задр'але заклучно со учебната 1952/53 година.

2 - Група автори: *40 години настава на македонски јазик во Битола и Битолско '44 - '84 година*. Битола, 1984 година, страна 12;
- Спасе Медаровски, Никола Спировски, Ѓорѓи Лазаревски, *Образованието во Битола и Битолско за време од 1944 до 1952 година*. Зборник од Научниот собир - Воспитанието и образованието во Битола (развој и перспектива), Битола 1990 година, стр. 199 и 200.

3 Исто, стр. 13, 14 и стр. 198, 199.

4 Во географската литература под поимот Цапарско, односно Цапарско Поле, се подразбира висока микрорегија сместена во западниот дел од Пелагониската котлина и истата се наоѓа западно од Битола. Цапарско Поле зафаќа површина од 168 км$^2$ со 13 села и тоа: Цапари, Ротино, Горно Српци, Рамна, Лера, Свињишта, Стре'ево, Метимир, Гопеш, Доленци, Ѓавато, Ка'ани и Маловишта.

5 Во селото Ка'ани не се отворило, а и денес не постои училиште. Додека, пак, селото Стре'ево, иако географски му припаѓа на Цапарско Поле, сепак училиштето и учениците биле прилучени и гравитирале кон селата Црнеец и Кукуречани, односно кон

довна настава и на албански јазик, во одделни паралелки, во село Лера, а нешто покасно (1947/48 г.) и во село Доленци.

Табела 1. Населени места, име на народното основно училиште и број на запишани ученици во првата учебна година 1944-1945 година[6]

| Ред. број | Населено место | Име на народното училиште | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| 1 | Цапари | „Кирил и Методиј“ | 276 |
| 2 | Ѓавато | „Трајан Белев“ | 324 |
| 3 | Гопеш | „Питу Гули“ | 32 |
| 4 | Лера | „Стив Наумов“ | 43 |
| 5 | Маловишта | „Стив Наумов“ | 80 |
| 6 | Горно Србци | „Видан Темелковски“ | 112 |
| 7 | Ротино | „Кирил и Методиј“ | 108 |
| 8 | Рамна | „Јосиф В. Сталин“ | 41 |
| 9 | Свињишта | „Ѓорѓи Сугарев“ | 44 |
| 10 | Метимир | „Гоце Делчев“ | 28 |
| 11 | Доленци | „Тодор Ангелевски“ | 65* |
| | | Вкупно: | 1.153 |

*Во училиштето во село Доленци, според податоците од Околискиот народен одбор, стои дека наставата започнала во 1944/45 година. Меѓутоа, од сочуваната документација во ЦОУ „Трајан Белев“ се гледа дека учениците од село Доленци наставата ја посетувале во село Ѓавато и тоа од учебната 1944/45 до учебната 1947/48 година

## НАСТАВЕН КАДАР, ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА, МАТЕРИЈАЛНИ СОСТОЈБИ И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Првата учебна година започна во многу тешки услови: наставниот кадар беше недоволно квалификуван за наставна работа, немаше издадена македонска граматика, учебници, буквар, тетратки, моливи и други помагала. Основна задача во наставната работа беше описменувањето на првооделенците и неписмените возрасни, а за другите одделенија основна задача беше да ве’баат читање, пишување, прераска’ување и основни математички операции.

друг простор.

6 Историски архив - Битола - Околиски народен одбор, 1945 година, К-6, АЕ 369, Л 1007.

Во месец март 1945 година добиен е први-от наставен план за основните училишта во Македонија. Содр’ината на наставниот план е следната:

| I одделение | | II одделение | |
|---|---|---|---|
| 1. Читање, | 2. Пишуење | 1. Читање, | 2. Пишуење |
| 3. Предметно учење, | 4. Рисување | 3. Предметно учење, | 4. Рисување |
| 5. Сметање, | 6. Пеење, | 5. Сметање, | 6. Пеење, |
| 7. Вероучение (не задол’ително) | | 7. Вероучение, | 8. Гимнастика |
| 8. Рачна работа | | 9. Рачна работа | |
| **III одделение** | | **IV одделение** | |
| 1. Читање, | 2. Пишуење | 1. Читање, | 2. Пишуење |
| 3. Сметање - геометрија, | 4. Природнознание, | 3. Сметање - геометрија, | 4. Природнознание, |
| 5. Географија (м),* | 6. Историја (м), | 5. Географија (ј),* | 6. Историја (ј), |
| 7. Вероучение, | 8. Пеење, | 7. Вероучение, | 8. Пеење, |
| 9. Рисување, | 10. Гимнастика | 9. Рачна работа, | 10. Гимнастика |
| 11. Ra~na rabota, | 12. Krasnopis | 11. Krasnopis | |

*/М/ на Македонија; /Ј/ на Југославија

На своето заседание од 3 мај 1945 година Народната влада на демократска федерална Македонија, по предло’ение на Комисијата за јазик и правопис при Министерството на просвета донесе решение за Македонска азбука од 31 буква и истата станува официјална азбука во Македонија.

Битолскиот окру’ен народно-ослободите-лен одбор со свое решение број 34 од 18.05.1945 год. македонската азбука ја применува во дело и истата е и денес во употреба без никакви до-полнувања и корекции.[7]

За први учители во селото Цапари и Ца-парско беа поставени 18 учители и тоа:

- во Цапари: Ѓорѓи Шупов и Димитар Настевски
- во Рамна: Нада Јанеска
- во Ѓавато: Вељо Теодосиевски, О.К. Стефановска, Д.Т. Накоска, Богдан Банишки и Мара Робевска
- во Маловишта: Зоре Франц Аница
- во Гопеш: Иван Наумовски
- во Лера: Кирил Грахолски и Ташко Пауновски
- во Метимир: Красимира Димитровска
- во Свињишта: Петар Ристески
- во Горно Српци: Јелена Станковска, Ленче Димитрова, Јованка Стефановска и Александар Стефановски
- Во Ротино: Фанија Димитрова[8]

7 Група автори: *40 години настава на македонски јазик во Битола и Битолско ‘44-’84 година*. Битола, 1984 год. стр. 14 и 15.

8 Спореден бројот на учениците и бројот на учителите за населбите Цапари и Ротино, а поради непостоење на пишан податок, на мислење сме дека имало 2 до 3 учители повеќе од вкупниот број на учители. А за село Доленци првиот учител се јавува

Секој учител, наоѓајќи се во услови на недостиг на основни наставни средства и пома-гала, беше принуден самиот да ги изработува, при што неговото анга’ирање траеше преку целиот работен ден. Тој беше задол’ен не само да ја организира и изведува наставата со редовните ученици и да ги описменува возрасните, туку и да го организира културно-просветниот ‘ивот во селото, да ја развива активноста на нардниот фронт, АФЖ, да ја органи-зира и подготвува младината за идеен опште-ствен ‘ивот и да одр’ува редовно предавање за здравственото просветување на населе-нието. За извршување на поставените опште-ствени задачи работниот ден на учителот започнуваше во 7 часот наутро, а завршуваше некаде околу 22 часот навечер, а често и подоцна. Мошне е евидентен фактот дека условите за подготовка на учителот за наставна работа беа многу тешки, бидејќи наставникот за еден месец добиваше половина литар газија за осветлување. Но и при такви услови младешкиот ентузијазам и патриотскиот дух беа на ниво. Во почетокот за својата работа учителот не при-маше плата додека храна и огрев му се обезбедуваа од месното население. Учителот мо’еше да дојде в град само кога за тоа ќе беше повикан по слу’бена дол’ност. Учителите со личен пример претставуваа идеал на идните млади генерации.[9]

Посебна тешкотија за одвивање на наставата беше немањето училишен простор, па така наставата се изведуваше во стари згради или во приватни куќи. Училишните згради беа доста руминирани и изградени во различни периоди. Во село Цапари училишната зграда била изградена 1907 година, во прибли’но истиот период била изградена и училишната зграда во Метимир. Во село Гопеш училишната зграда била подигната 1908/09 година. Во Ѓавато наставата се одвиваше во две згради - едната изградена 1918 година, а другата 1927 година, во Рамна и Горно Српци училишните згради биле изградени во периодот од 1920-1925 година, а во село Ротино училишната зграда била изградена во 1932 година. Додека, пак, во селата Маловишта и Доленци наставата се одвиваше во приватни куќи. Единствено по-нови училишни згради беа во селата Сви-њишта и Лера, кои беа изградени во 1942 односно 1943 година.

За нормалното отпочнување со работа на народните основни училишта беше извршен неопходен минимален ремонт во училишните згради, а во некои се вршеше и во текот на учебната година. Материјалното обезбедување на училиштата со огрев, стакло за прозорци, ќера-миди за поправка на покривите, материјал за оградување на училишните дворови и други материјални потреби, го извршуваше населе-нието.[10]

Во целокупната работа во училиштето, особено значајна улога имала Пионерската организација. Така, на 08.12.1944 година, во селото Горно Српци, со учениците од I до IV одделе-ние, учителите Јованка и Александар Стефа-новски и Ленче Димитрова го формираа Пр-виот пионерски одред во Околијата, кој го доби името „Видан Темелковски“, по името на паднатиот борец од тоа село. Основна задача на пионерскиот одред беше собирање на облека и храна од месното население, која преку НОО беше доставувана до борците на

1947/48 год.

9 Група автрои: *40 години настава на македонски јазик во Битола и Битолско ‘44-’84 година*. Битола, 1984 год. стр. 16

10 Исто, стр. 20



Топографска карта на Цапарско поле

НОВ - за Срем-скиот фронт. Исто така, пионерите организираа разновидна помош за оние семејства чии сино-ви борци-партизани не беа вратени од фронтот.

Во тоа време се дви’еа разбиени балистички групи, кои преку селата Гопеш, Ѓавато и Маловишта бегаа за грција, а патем напаѓаа и уби-ваа. Така во селото Маловишта беше одвлечена учителката Зоре Франц Аница до југословенско-грчката граница каде во погоден момент успеала да им избега. Затоа пионерите во групи стра’ареа по височините околу селото за да сигнализираат доколку забеле’ат некакво дви’ење на сомнителни лица.[11]

Бидејќи скоро во сите народни основни училишта наставниот кадар беше недоволно квалификуван за наставна работа, стручното и педагошко усовршување се одвиваше пре-те’но преку курсеви кои се одр’уваа во Битола. Меѓутоа, во наредниот период стручното под-готвување на учителскиот кадар ѝ беше дове-рено на Учител-ската школа, која оспособи го-лем број учители за Битолска околија и југоза-падниот регион на Македонија.

11 Исто ф.н. 2,2, стр. 210.

# РАЗВОЈОТ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ОД 1945 ДО 1969 ГОДИНА

## ОПРЕМЕНОСТ НА УЧИЛИШТАТА И БРОЈНА СОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ

Почнувајќи од учебната 1945/46 година, за подобрување на состојбата во училиштата се преземни низа мерки. Пред сѐ, од материјална анга’ираност на месното население до неоп-ходен ремонт во училишните згради. А др’авните органи побараа да се евидентира инвентарот и имотот во училиштата.

За да се добие подобра претстава каква би-ла опременоста на училиштата, ќе направиме поде-тален преглед на основните училишта во прос-торот.

### Основното училиште во село Цапари

Училишната зграда во Цапари била из-градена во 1907 г. и во учебната 1946/47 година имала 5 училници, 1 канцеларија, 1 салон, и 2 други простории. Училниците зафаќале повр-шина од 491 м$^2$, салонот 195 м$^2$, канцеларија 64 м$^2$ и училишниот двор 324 м$^2$. Училиштето располагало и со имот од 25 декари ниви и 3,6 декари ливади.

Училиштето го поседувало следниот инвен-тар: 6 табли, 7 маси, 6 столови, 8 соби, 4 плу-кал-ници, 2 катедри, 1 саат, 2 училишни Ўвона, 2 шкафа итн. Додека библиотеката поседувала 10 учителски книги, 55 ученички, 87 младински и 59 детски книги. Со нагледни наставни пома-гала училиштето не располагало.

Во учебната 1945/46 година училиштето во Цапари од четиригодишно преминува во шесто-годишно училиште, а во учебната 1947/48 го-дина во седумгодишно, за од учебната 1952/53 година да премине во осумгодишно основно училиште.

Иако училиштето ја прошири својата дејност, сепак, подобрување на нагледноста во наставата и на материјалната состојба се забе-ле’ува дури од средината на педесетите годи-ни. Така, во учебната 1958/59 година во училиш-тето се регистрирани 92 клупи, 7 табли, 15 сто-лови, 8 печки на ќумур, биб-лиотека со 680 книги и друго. Од наставни пома-гала располагало со слики, географски карти, модели и друго, и тоа вкупно 39 разни работи. Училиштето има кујна и менза во која се хранат 297 ученици.

Од 1962/63 година, со одлука на Советот за просвета при СО - Дихово, училиштето „Кирил и Методиј“ во Цапари станува централно, со по-драчна паралелка во село Ротино.

Бројот на учениците од село Ротино кои учеле од V до VIII одделение во село Цапари во периодот на педесетите и почетокот на шеесетите години се дви’ел од околу 60 до околу 80 ученици.

Во учебната 1964/65 година училиштето во Цапари располагало со 7 ученици со 210 м$^2$, 1 канцеларија со 30 м$^2$, библиотека со 1.200 книги итн. Училиштето располага со 100 нови клупи, 4 нови и 3 стари табли, 1 сметалка, 2 флане-лографи, 1 магнетофон, 1 радио, 1 телевизор, 1 кинопроектор и 1 дијапроектор.

Училиштето во Ротино е изградено во 1932 година и има 1 училница со 48 м$^2$ и канце-ларија со 7,5 м$^2$. Училиштето во Ротино од учи-лиштето во Цапари е оддалечено 3 км.



Училиштето во Ротино (1995 година)

Од учебната 1962/63 година започна из-градбата на нова училишна зграда во Цапари. Иако училиштето сè уште не беше довршено, учебната 1967/68 година започна во новата зграда. Речиси непроменета беше состојбата и во учебната 1969/70 година, во која наставата се изведуваше во 6 училници, 2 кабинети и исто толкав број на недовршени училнички и кабинетски простории. Исто така и фискултурната сала не беше довршена. Па според тоа, наставата се изведувала во две смени.

Во ноември месец 1969 година работните единици на централните основни училишта во Цапари, Ѓавато и Рамна донесуваат одлука за интеграција, односно за приклучување на училиштата од Ѓавато и Рамна кон училиштето во Цапари. Сепак, училиштата беа приклучени само адми-нистративно, за до вистин-ска интеграција да дојде во учебната 1977/78 година, со создавање на ЦОУ „Трајан Белев“ во Цапари.

Во мре'ата на основни осумгодишни и подрачни четиригодишни училишта, кои административно беа приклучени кон Централното осумгодишно училиш-те „Кирил и Методиј“ - Ца-пари, беа: Осумгодишното подрачно училиште „Трајан Белев“ - Ѓавато и осумгодишното под-рачно училиште „Браќа Миладиновци“ - Рамна. Училиштето во Ѓавато ги имаше следните че-тиригодишни подрачни училишта: „Иван Цанкар“ - Маловишта, училиштето „Климент Охридски“ - Доленци и училиштето „Кирил и Ме-тодиј“ - Гопеш. Училиштето во Рамна ги имаше следните четиригодишни подрачни училишта: „Стив Наумов“ - Лера, училиштето „Ѓорѓи Су-гарев“ -

Свињишта, училиштето „Никола Ка-рев“ - Горно Српци, и училиштето „Цар Само-ил“ - Метимир. Додека пак училиштето „Кирил и Методиј“ - Ротино, во речиси целиот период, административно му припаѓаше на основното училиште во Цапари.

Поради малиот број на ученици на крајот на учебната 1963/64 година училиштата во на-селбите Гопеш и Метимир беа затворени.

Состојбата со аудиовизуелните средства во основните училишта била како што следува: во ЦОУ во Цапари имало 1 грамофон, 1 телеви-зор, 1 кинопроектор, 1 дијапроектор, 1 радио-апарат, 1 транзистор, и 1 магнетофон или вкупно 8 аудиовизуелни средства.

Во подрачното основно училилиште во Ѓавато имало 1 грамофон, 1 телевизор, 1 кино-проектор, 1 радиоапарат и 2 магнетофони или вкупно 6 аудиовизуелни средства.

Во подрачното основно училиште во Рамна имало 1 телевизор, 1 дијапроектор, 1 транзистор и 1 магнетофон или вкупно 5 аудиовизуелни средства.

Во подрачното четиригодишно училиште во Лера имало 1 телевизор, 1 дијапроектор и 1 магнетофон, а во подрачното четиригодишно училиште во Маловишта имало 1 транзистор, додека пак во другите училишта немало аудиовизуелни средства.

Или во сите наведени училишта, сè вкупно имало 22 аудиовизуелни средства од кои 2 грамофони, 4 телевизори, 2 кинопроектори, 3 дијапроектори, 2 радиоапарати, 3 транзистори и 6 магнетофони. За останатата состојба со негледни и материјални средства немаме податоци.

Сепак, во споредба со годините наназад, евидентно е подбрена состојбата, што доведува и до поквалитетна настава. Имено, речиси сите наведени аудиовизуелни средства беа во функција на наставата и редовно се приме-нуваа.

Бројната состојба на учениците за периодот од учебната 1945/46 до учебната 1969/70 година за Цапари и Ротино ќе ја проследиме низ прегледот што е прика’ан на та-бела 2.

Во табелата прика’ана е и состојбата со бројното дви’ење и на паралелките за двете населби.

Од табелата 2 се гледа дека за целиот изминат период во двете села се забеле’ува нама-лување на бројот на ученици. Намалувањето на бројот на ученици е предизвикано од ми-грационите дви’ења на релација село-град, но и на иселување во странство. Најдобри при-мери за тоа се годините 1950/51 кога бројот на ученици во Цапари изнесувал 412, а во наредната 1951/52 се намалил на 288 ученици - и годините 1963/64 година, кога е забеле’ано намалување од 350 на 267 ученици во учебната 1964/65 година. Првото намалување најповеќе се дол’и на иселување на домаќинства во Би-тола, а второто намалување на иселување на повеќе домаќинства во странство.

Табела 2. Бројна состојба на учениците и паралелките во Цапари и Ротино во времето од учебната 1945/46 до учебната 1969/70 година

**Основното училиште во село Ѓавато**

Училиштето во село Ѓавато го сочинуваа две згради: едната изградена во 1927 година, а втората е постара и е изградена во 1918 година, а обновена и проширена во 1958 година.

За целиот период учи-лиштето ги имало следниве имиња: од учебната 1944/45 до 1952/53 година училиштето го носи името „Трајан Белев“, од учебната 1953/54 до 1959/60 го-дина името „Тодор Ан-

| Учебна година | ЦАПАРИ | | РОТИНО | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Паралелки | Број на ученици | Паралелки | Број на ученици | |
| 1945/46 | 5 | 104 | – | 107 | |
| 1946/47 | 6 | 320 | – | 97 | |
| 1947/48 | 7 | 361 | – | 77 | |
| 1948/49 | 8 | 415 | – | 63 | |
| 1949/50 | 8 | 411 | | 59 | |
| 1950/51 | 8 | 412 | | 53 | |
| 1951/52 | 7 | 288 | | 52 | |
| 1952/53 | 8 | 305 | | 51 | |
| 1953/54 | 8 | 278 | | 53 | |
| 1954/55 | 9 | 325 | | 41 | |
| 1955/56 | 11 | 331 | | 44 | |
| 1956/57 | 13 | 347 | | 51 | |
| 1957/58 | 11 | 343 | | 49 | |
| 1958/59 | 10 | 320 | | 44 | |
| 1959/60 | 11 | 299 | | 45 | |
| 1960/61 | 13 | 325 | | 46 | |
| 1961/62 | 13 | 315 | | 46 | Вкупно ЦОУ Цапари |
| 1962/63 | 10 | 295 | 1 | 42 | 337 |
| 1963/64 | 10 | 350 | 1 | 36 | 386 |
| 1964/65 | 10 | 267 | 1 | 40 | 307 |
| 1965/66 | 9 | 232 | 1 | 31 | 263 |
| 1966/67 | 8 | 252 | 1 | 30 | 282 |
| 1967/68 | 8 | 219 | 1 | 30 | 249 |
| 1968/69 | 9 | 233 | 1 | 23 | 256 |
| 1969/70 | 8 | 193 | 1 | 20 | 213 |

гелев-ски“, а од учебната 1960/61 до 1969/70 година повторно го но-си името „Трајан Белев“.

Во годишниот извештај за учебната 1948/49 година стои дека училиштето не рас-полага со наставни помагала и дека има библиотека со 100 книги. Училишниот двор е украсен со пионерска градина со разни фигури. Училиш-тето располага со ливада од 1 декар. Во склоп на училиш-тето има интернат во кој спи-јат и се хранат 35 ученици, а од 1950 година отворена е кујна во која се хранат 300 ученици.

Во учебната 1948/49 година училиштето беше седмолетка се до учебната 1952/53 година, а од 1953/54 до 1955/56 година работи како четиригодишно. Потоа, од 1956/57 година станува и шестгодишно училиште, а од 1957/58 станува и осумгодишно училиште.

Во учебната 1953/54 година состојбата со училиштето била како што следува: две учи-лишни згради со 4 училници со вкупно 149 $м^2$, 1 кабинет со 9,6 $м^2$, 1 канцеларија со 9 $м^2$ и три други простории со вкупно 70 $м^2$. Потоа, учи-лишен двор со 2.163 $м^2$ и две училишни градини со 1.426 $м^2$. Исто така училиштето располагало со библиотека и тоа: учителска со 98 книги и ученичка со 123 книги, или вкупно со 221 книга.

Според годишниот извештај од 1960/61 година за училиштето стои дека располага со 6 училници, 1 кабинет, 1 работилница, 4 помош-ни простории, 1 канцеларија, сала за фискултура, 1 канцеларија за директорот и 2 визби. Си-те наведени простории не ги задоволуваат пот-ребите, па поради недостиг на простор наста-вата се изведува во две смени. Од инвентар училиштето



Училиштето во Ѓавато (1995 година)

поседувало 7 табли, 5 катедри, 16 столици, 8 печки (од кои повеќето неисправни), 1 сметало, 1 радио и друго.

Во учебната 1962/63 година кон училиш-тето „Трајан Белев“ - Ѓавато извршено е присо-единување на училиштата од селата Доленци, Гопеш и Маловишта, така да истите стануваат подрачни паралелки на ЦОУ „Трајан Белев“ од Ѓавато.

Во периодот на педесетите и шеесетите години бројот на ученици кои доаѓале од селата:

Доленци, Маловишта, Гопеш и Ка'ани, а посетивале настава во вишите одделенија (од V до VIII) во училиштето „Трајан Белев“ - Ѓа-вато, се дви'ел: од 20 до 30 ученици за Доленци, од 10-15 ученици за Маловишта и за Гопеш, и Ка'ани до 10 ученици.

Во учебната 1963/64 година училиштето во Ѓавато располагало со 4 згради, од кои 2 одговараат, а 2 не одговараат за настава, со вкупно 15 училници, од кои 8 одговараат, а 7 не одго-вараат, со вкупно 514 $м^2$ површина. Потоа, училиштето располагало и со 3 канцеларии со 78 $м^2$, 1 кабинет со 12 $м^2$, 1 библиотека со 32 $м^2$, 2 сали со 244 $м^2$, 1 трпезарија со 16 $м^2$ и 10 други простории со 250 $м^2$. Исто така училиштето располагало и со 4 учителски станови со 68 $м^2$, два училишни двора со 2.450 $м^2$. Наставата во училиштето се изведува во две смени.

Во учебната 1967/68 година училиштето во Ѓавато располагало со следниов инвентар: 2 фланелографи, 20 апликa-ции слики, географски кар-ти и глобус, потоа, со 41 но-ви и 15 стари клупи, 6 табли, 1 сметалка, 1 радио, 1 теле-визор и библиотека со над 700 книги.

Училиштето во село Доленци од учебната 1947/48 до учебната 1954/55 година го носи името „Тодор Анге-левски“, а од 1955/56 до 1961/62 година името „Климент Охридски“ и на крајот од учебната 1962/63 до учебната 1969/70 година е подрачна паралелка на ОУ „Трајан Белев“ - Ѓавато.

Училиштето во Доленци е изградено во 1947 годи-на, и располага со 2 училници од 96 $м^2$, 1 канцеларија со 16 $м^2$, две други простории со 42 $м^2$, учителски стан со 50 $м^2$, или сè вкупно со над 200 $м^2$. Училишен двор со површина од 2.400 $м^2$ и училишна градина од 800 $м^2$. Потоа, од инвентар училиштето располага со клупи, 2 табли, 2 сметалки и 1 радио. Наставата се изведува претпладне, а учи-лиштето до училиштето во Ѓавато е оддалечено нешто повеќе од 2 километри.

Во учебната 1967/68 година училиштето во Доленци располагало со библиотека од 200 книги, 24 клупи, 4 табли, 2 катедри, 2



Училиштето во Доленци (1995 година)

печки, 2 сметалки, 2 фланелографи, 4 географски карти, 20 слики и друго.

Училиштето во село Маловишта од учебната 1944/45 година до учебната 1951/52 година го носи името „Стив Наумов“, а од 1952/53 до 1961/62 година го носи името „Иван Цанкар“, за од учебната 1962/63 година до учебната 1969/70 година да биде подрачна паралелка на ОУ „Трајан Белев“ - Ѓавато.

Училиштето во Маловишта е сместено во приватна куќа, и истото во учебната 1953/54 година располагало со 1 училница од 48 м$^2$, училишен двор со 80 м$^2$ и учителски стан со 24 м$^2$. Од инвентар училиштето располагало со 3 ста-ри клупи, 2 табли и библиотека од 73 книги.

Во учебната 1967/68 година училишната библиотека располагала со 150 книги, а од инвентарот имало 15 клупи, 2 табли, 1 катедра, 2 географски карти, 1 глобус, 20 слики итн.

Училиштето од село Маловишта до учи-лиштето во село Ѓавато е оддалечено 7 километри.

Училиштето во село Гопеш го сочинува една зграда изградена од 1908/09 година. Името на училиштето од 1944/45 година до 1954/55 го-дина било „Питу Гули“, а од 1955/56 до 1963/64 година се викало „Кирил и Методиј“, односно сè до неговото затворање, кога воедно и било подрачна паралелка на ОУ „Трајан Белев“ - Ѓавато.

Во учебната 1953/54 година училиштето располагало со 212 м$^2$ училишен простор. Се користи една училница со 20 м$^2$, 1 канцеларија со 20 м$^2$, 1 сала со 58 м$^2$, и 8 друг простории со 113,5 м$^2$. Од инвентар училиштето располагало со 1 табла, 1 сметалка, 8 столови, 5 четвороредни клупи и библиотека со 60 книги.

Училиштето во Гопеш на неколку пати работело како амбулантно училиште и тоа во учебните 1953/54 година, 1954/55 година, 1957/58 година и 1963/64 година. Што значи целата го-дишна програма се реализирала во едно полу-годие.

Училиштето во село Гопеш до училиш-тето во село Ѓавато е оддалечено 5 километри.

Бројната состојба на учениците за перио-дот од учебната 1945/46 година до учебната 1969/70 година за населбите Ѓавато, Доленци, Маловишта и Гопеш ќе ја проследиме низ пре-гледот што е прика’ан на табела 3.

Со цел да не ја преоптовариме табела 3 и со податоци за бројот на паралелки, истите ќе ги обработиме во текстуален дел. Имено, бро-јот на паралелките во Гопеш и Маловишта биле по една комбинирана од I до IV одделение и тоа за целиот период. Додека, пак, во Доленци бро-јот на паралелките бил по една на македонски наставен јазик и една на албански наставен ја-зик, односно постоеле две комбинирани од I до IV одделение.

Состојбата во Ѓавато со бројот на пара-лелки била подруга: од учебната 1948/49 до учебната 1950/51 година нивниот број бил 8 па-ралелки (4 во ни’ите одделенија и 4 во вишите одделнија, со напомена дека биле до VII одделние, или 2 паралелки биле во V одделение). Во учебната 1951/52 година имало 6 паралелки, во 1952/53 година 8 паралелки, во 1953/54 година и 1954/55 година 4 паралелки, во 1955/56 година 5 паралелки, во 1956/57 година 6 паралелки, во 1957/58 година 7 паралелки и од 1958/59 година до 1969/70 година бројот на паралелките се дви’ел од 7 до 9 паралелки.

Табела 3. Бројно дви'ење на учници во Ѓавато, Доленци, Маловишта и Гопеш од учебната 1945/46 година до учебната 1969/70 година

| | 1945 1946 | 1946 1947 | 1947 1948 | 1948 1949 | 1949 1950 | 1950 1951 | 1951 1952 | 1952 1953 | 1953 1954 | 1954 1955 | 1955 1956 | 1956 1957 | 1957 1958 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЃАВАТО | 358 | 354 | 340 | 340 | 378 | 288 | 200 | 241 | 124 | 103 | 143 | 174 | 210 |
| ДОЛЕНЦИ | – | | | | | | | | | | | | |
| Мак. пар. | | 28 | 29 | 29 | 31 | 39 | 29 | 22 | 28 | 23 | 29 | 28 | 34 |
| Алб. пар | – | – | 42 | 43 | 41 | 43 | 35 | 49 | 46 | 28 | 29 | 26 | 30 |
| **Вкупно** | – | 28 | 71 | 72 | 72 | 82 | 64 | 71 | 74 | 51 | 58 | 54 | 64 |
| МАЛОВИШТА | – | – | 80 | 69 | 62 | 67 | 51 | 38 | 28 | 27 | 23 | 20 | 19 |
| ГОПЕШ | 33 | 31 | 33 | 24 | 21 | 16 | 15 | 13 | 11 | 12 | 17 | 17 | 17 |
| | 1958 1959 | 1959 1960 | 1960 1961 | 1961 1962 | 1962 1963 | 1963 1964 | 1964 1965 | 1965 1966 | 1966 1967 | 1967 1968 | 1968 1969 | 1969 1970 | |
| ЃАВАТО | 221 | 231 | 225 | 207 | 197 | 182 | 164 | 140 | 128 | 83 | 108 | 91 | |
| ДОЛЕНЦИ | | | | | | | | | | | | | |
| Мак. пар | 34 | 28 | 37 | 38 | 31 | | | 22 | 21 | 24 | 24 | 29 | |
| Алб. пар. | 30 | 25 | 34 | 38 | 37 | | | 20 | 22 | 28 | 34 | 30 | |
| **Вкупно** | 64 | 53 | 71 | 76 | 68 | 62 | 52 | 42 | 43 | 52 | 58 | 59 | |
| МАЛОВИШТА | 17 | 20 | 21 | 25 | 28 | 28 | 26 | 28 | 22 | 20 | 19 | 19 | |
| ГОПЕШ | 16 | 15 | 13 | 12 | 10 | 7 | – | – | – | – | – | – | |
| ЦОУ-ЃАВАТО (Вк.) | | | | | 303 | 279 | 242 | 210 | 193 | 155 | 185 | 169 | |

Од табела 3 се забеле'ува дека во целиот изминат период за сите села се намалува бро-јот на учениците. За село Ѓавато се забеле'у-ваат извесни колебања во намалувањето и тоа предизвикани, пред сè, поради промените во училиштето од се-думгодишно на четириго-дишно и обратно. Оваа состојба присутна е до 1958/59 година, за потоа намалувањето на бројот на учениците да не е толку интезивно, сè до 1966/67 година од кога се појавува поголемо намалување на ученици. Намалувањето на бро-јот на ученици е предизвикано поради ми-гра-ционите дви'ења на релација село-град, но и на иселување на поголем број домаќинства во стран-ство.

За селата Маловишта и Гопеш интезивно намалување на бројот на ученици се забеле-'ува веќе од почетокот на педесетите години, и тоа по-ради иселување на домаќинства во Би-тола.

Во селото Доленци наставата се изведува на македонски јазик од 1947 година и на албански јазик, за албанското малцинство - од 1947/48 година. И во овој случај е видливо на-малувањето на учениците во двете паралелки, но со извесни остапувања за поедини години кога се јавува незначително зголемување.

Сепак, како заклучок мо'еме да конста-ти-раме дека намалувањето на учениците е по-ради интезивното иселување на населението од прос-торот и тоа во др'авата но и во странс-тво.

**Основното училиште во село Рамна**

Училиштето во село Рамна располага со две згради, од кои едната е изградена во 1920 година, а втората во 1948 година од страна на селската работна задруга и била наменета за задру'на фурна и тутунов комбинат.

Училиштето од 1944/45 година до учебна-та 1948/49 година се викало „Јосиф В. Сталин", а од учебната 1949/50 година до 1953/54 година училиштето се викало „Танас Лоза-нов", а од учебната 1954/55 година се вика ОУ „Браќа Миладиновци", за од 1962/63 година да премине во ЦОУ „Браќа Миладиновци" со четири подрачни паралел-ки во селата: Горно Српци, Лера, Свињишта и Ме-тимир.

Во учебната 1957/58 го-дина во училиштето за прв-пат е отворено V одделе-ние, а постарите ученици од VI, VII и VIII одделение оделе во ОУ во село Цапари и тоа заклучно сè до учебната 1959/60 година.

Од учебната 1958/59 година училиштето добило уште една зграда во која настава се изведувала за вишите одделенија. Втората училишна зграда всушност е задру'ната фурна ко-ја е адаптирана во училиште. Првата генера-ција го завршила VIII одделение во ова учи-лиште на крајот на учебната 1960/61 година.

Во учебната 1962/63 година вкупно во двете згради имало 472 $м^2$ училишен простор, од кој 201 $м^2$ им припаѓаа на 5 училници, потоа, 2 канцеларии со 27 $м^2$, 1 работилница 20 $м^2$ и други простории. Училиштето располагало и со библиотека со 416 книги.

Во учебната 1964/65 година од инвентар училиштето располагало со 20 нови клупи, 26 стари клупи, 1 нова и 5 стари табли, 2 сметалки, 1 фланелограф, 1 магнетофон, 1 радиоапарат и 1 телевизор. Додека, во подрачните паралелки, инвентарот бил како што следува: 41 стара клупа, 1 нова и 5 стари табли, 3 сметалки и 4 фланелографи.

Во учебната 1968/69 година централното основно училиште во Рамна располагало со: 95 клупи, 13 табли, 12 печки, 8 катедри, 4 сметалки, 8 шкафови, 5 фланелографи, 280 апликации, 17 гео-



Училиштето во Рамна (1995 година)

графски карти, 2 глобуси, 1 релјефна карта, 2 дијапроектора, 83 дијафилмови, 1 радиоапарат, 2 телевизора, 1 транзистор итн.

Училиштето во Горно Српци изградено е во 1927 година и располага со вкупно 136 м$^2$, од кои две училници со 62 м$^2$, 1 канцеларија 6 м$^2$ и други простории. Училишниот двор зафаќа по-вршина од 400 м$^2$ и училиштето од училиштето во Рамна е оддалечено 3 километри. Библиоте-ката во училиштето расплага со 80 книги. Име-то на училиштето од 1944/45 година до учебната 1951/52 година било „Видан Темелковски“, од учебната 1952/53 до 1953/54 година „Милован Ѓилас“ и од 1954/55 до 1961/62 година се викало „Никола Карев“. Од учебната 1962/63 година училиштето е приклучено кон ЦОУ „Браќа Ми-ладиновци“ во Рамна и станува нејзина под-рачна паралелка.

Училиштето во село Лера го сочинува една зграда изградена во 1943 година, која во прво време била наменета за читалиште, па е преадаптирана во училиште. Училиштето рас-полага со вкупно 141 м$^2$, од кои 1 училница од 66 м$^2$ и други простории. Името на училиштето од учебната 1944/45 година до учебната 1962/63 го-дина било „Стив Наумов“, а потоа станува под-рачна паралелка на ЦОУ „Браќа Миладиновци“ во село Рамна. Оддалеченоста на училиштето во Лера до училиштето во Рамна е 3 километри.

Според годишниот извештај од учебната 1946/47 година стои дека училиштето имало 2 училници со 79 м$^2$, 1 канцеларија 26 м$^2$, 1 салон 6 м$^2$ и три други простории, како и нива со 2500 м$^2$. А од инвентар располагало со 1 маса, 17 клупи, 1 стол, 2 печки, 35 слики и друго.

Додека, пак за учебната 1955/56 година, во годишниот извештај стои дека училиштето располагало со две училници со 75 м$^2$ и библио-тека со 60 книги. Училиштето е на сретсело и нема училишен двор. Од инвентар има: 10 клу-пи, 2 табли, 1 сметалка, 2 печки, 10 ќумбиња, 8 столици, 1 глобус, 1 географска карта итн.

Училиштето во село Свињишта е изгра-дено во 1942 година. Располагало со вкупно 98 м$^2$, од кои 1 училница со 30 м$^2$, 2 други простории со 20 м$^2$, учителски стан со 16 м$^2$ и училишен двор со 100 м$^2$. Училиштето имало библиотека со 176 книги. Од училиштето во село Рамна оддалечено е 7 километри. Името на училиштето од учебната 1944/45 година до учебната 1962/63 година било „Ѓорѓи Сугарев“, а потоа станува подрачна паралелка на учи-лиштето „Браќа Миладиновци“ во село Рамна.

Училиштето во село Метимир е изгра-дено во почетокот на XX век. Според го-дишниот извештај за учебната 1962/63 година стои дека училиштето нема струја, вода, двор, па дури ни санитарен јазол. Исто така има не-достиг од инвентар, опрема, нагледни сред-ства, а има библиотека од 63 книги. Името на училиштето од учебната 1944/45 година до учебната 1954/55 година било „Гоце Делчев“, од учебната 1955/56 до учебната 1962/63 година се викало „Цар Самоил“, а потоа станува подрачна паралелка на ЦОУ „Браќа Миладиновци“ во Рамна. Во учебната 1962/63 година училиштето работи како амбулантно.

Бројната состојба на учениците за перио-дот од учебната 1945/46 година до учебната 1969/70 година, за населбите Рамна, Горно Срп-ци, Лера, Свињишта и Метимир ќе ја проследиме низ прегледот што е прика’ан на табела 4.

Со цел да не ја преоптовариме табела 4 и со податоци за бројот на паралелките, истите ќе ги обработиме во текстуален дел. Имено, бро-јот на паралелките во Свињишта и Метимир за целиот

изминат период бил по една комби-нирана паралелка од I до IV одделение. Додека, пак, во Лера бројот на паралелките бил по една комбинирана паралелка на македонски наставен јазик и од учебната 1945/46 година па наваму по една на албански наставен јазик.. Односно, во Лера постоеле вкупно две комбинирани паралелки од I до IV одделение.

Состојбата во Рамна со бројот на паралел-ки била подруга, и тоа: од учебната 1944/45 до 1956/57 година нивниот број е по една комби-нирана паралелка, во учебната 1957/58 година се воведува и V одделние, во учебната 1958/59 година и VI одделение, па така бројот на па-ралелките е 2 односно, 3 паралелки. Од учебната 1960/61 година училиштето станува осумгодишно училиште, со што и бројот на паралелките е 5, од кои комбинирана од I до IV одделение и 4 чисти паралелки од V до VIII одделение. Ваквата бројна поло'ба на паралел-ките останува непроменета сѐ до учебната 1975/76 година.

Од табела 4 се гледа дека за целиот изминат период бројот на учениците во сите села се намалува, и тоа поради миграционите дви'ења на релација село-град и иселувањето во странство.

Заради проширување на бројот на паралелките во училиштето во Рамна од крајот на педесеттите до средината на шеесеттите годи-ни, се забеле'ува зголемување на бројот на учениците кои посетуваат настава во вишите одделенија. Зголемувањето е резултат на доа-ѓање ученици од Горно Српци, Лера, Сви-њишта и Метимир. Така на пример во периодот на шеесеттите години бројот на учениците кои доаѓале од селата Горно Српци, Лера, Сви-њишта и Метимир а посетувале настава во вишите одделенија (од V до VIII одделение) во училиштето „Браќа Миладиновци“ - Рамна, се дви'ел од 20-25 ученици за Г. Српци од 15-20 ученици за Лера и до 10 ученици заедно за Свињишта и Метимир. Веќе од 1965 година па ната-му се забеле'ува опаѓање на бројот на учени-ците заради веќе споменатите причини.

Во Горно Српци, сѐ до учебната 1961/62 година, односно додека постојат по две комбинирани паралелки, опаѓањето на бројот на учениците е континуирано, а на моменти и евиден-тно. Од 1962 година, кога има една комбини-рана паралелка, намалувањето на учениците продол'ува. Во Лера наставата се изведува на македонски и на албански јазик, со исклучок од 1958/59 до 1969/70 година (односно до 1971/72 го-дина) кога нема албанска паралелка. И за Сви-њишта и Метимир се забеле'ува намалување на учениците, со исклучок од 1956/57 до 1959/60 година кога учениците од Метимир наставата ја посетуваат во Свињишта. Училиштето во Метимир работи сѐ до учебната 1963/64 година.

Табела 4. Бројно дви'ење на учениците во Рамна, Горно Српци, Лера, Свињишта и Метимир од учебната 1945/46 година до учебната 1969/70 година

## СОДРЖИНА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА И ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Во овој преглед поопширно ќе стане збор само за поголемите училишта, во Цапари, Ѓа-вато и Рамна, додека за другите училишта да-ваме само фрагментарни податоци.

### Основното училиште во село Цапари

